ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## ЗА

## НАБАВКА НА РЕЗЕРВИ ЗА АЛТЕРНАТИВНО ГОРИВО-МАЗУТ ЗА 15 ДЕНА РАБОТЕЊЕ НА ТОПЛАНИТЕ

**Мазут М-1 НС**

---

**Кон јавен повик**

**бр. 01-1/2024**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Општи Информации

2. Способност на понудувачи

Прилози на Тендерската документација

- Прилог бр. 1 Образец на понуда
- Прилог бр. 2 Образец на Рамковна спогодба
- Прилог бр. 3 Изјава за прифаќање на условите од тендерот
- Прилог бр. 4 Изјава дека во последните пет (5) години не ми е изречена правосилна судска пресуда
- Прилог бр. 5 Техничка спецификација

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**1.1 Договорен орган:**

**ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,**

Адреса на купувачот: Ул. Тодор Александров бр.6, Гази Баба, 1000 Скопје

Контакт лица, телефони, факс и е-маил на купувачот:

Јовчевски Жарко тел. 075/387-405, e-mail: zjovcevski@esm-proizvodstvo.mk;

Драган Битраковски тел. 075/387-348, e-mail: dbitrakovski@esm-proizvodstvo.mk;

Александар Писинов тел. 070/533-192, e-mail: apisinov@esm-proizvodstvo.mk.

е-маил: esm-proizvodstvo@elem.com.mk

**1.2 Вид на постапка :**

- Јавен повик ,без примена на Законот за Јавни набавки согласно член 23, став 1, точка 10 од истиот

1.3 **Предмет на набавката: Резерви за алтернативно гориво-мазут за 15 дена работење на топланите, тип М-1 НС, во количини од 0 до 11.000.000 кгр, за период до 30.04.2025 год.**

Напомена:

-Количините се ориентациони и не се обврзувачки за купувачот. Зависно од цените во текот на важност на договорот можат и да се надминат и да бидат помали.

-Потребно е да се понуди тип на мазут согласно Македонскиот стандард за течни горива МКС.Б.Х2.430 (МКС.Б.Х2.430)-или стандард кој е еквивалентен, и е во државата моментално одобрен за продажба и користење. Купувачот ќе бара испорака мазут кој во моментот е одобрен со регулатива во државата.

**1.4 Вид на договор, рокови и динамика на испорака, и траење на договорот:**

- Рамковна спогодба
- Рокови и динамика на испорака: согласно Член 3 од Моделот на договор даден во оваа Тендерска Документација.
- Со избраниот понудувач ќе се склучи Рамковна спогодба за набавка на алтернативно гориво-мазут, во количини од 0 до 11.000.000кгр за период до 30.04.2025 год.

**1.5 Краен рок за доставување на понудите:** ден 08.01.2025 во 11:00 часот.

- Задоцнетите понуди, по истекот на крајниот рок за доставување се прогласуваат за задоцнети и им се враќаат на понудувачите.

**1.6 Начин и адреса за доставување на понудите:**

- Понудата се доставува во затворен коверт со назнака „ не отварај", понуда по „ јавен повик за набавка на резерви за алтернативно гориво-Мазут за 15 дена работење на топланите", со повикување на бројот на повикот.
- Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса:

**ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ул. Тодор Александров бр.6, 1000 Скопје.**

**1.7 Место датум и час на јавното отворање на понудите:**

- Јавното отворање на понудите ќе се изврши во крајниот термин за доставување на понудите утврден во точка 1.5, во просториите на Дирекцијата на"ЕСМ Производство на топлина"-ДООЕЛ Скопје, во присуство на овластените претставници на понудувачите.

1.8 **Јазик на тендерска документација и понуда**

- Тендерската документација е достапна на Македонски јазик
- Јазик на кој се доставува понудата: Македонски јазик.

**1.9 Применливи прописи**

Оваа постапка не се спроведува согласно со Законот за јавните набавки, согласно Член 23, став 1, точка 10 од истиот.

При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид: Законот за енергетика (сл. весник на РСМ бр. 96/18 и 96/19), Правилникот за лиценци (сл. весник на РСМ бр. 51/19, 54/19 , 214/19, 114/20 и 246/20 ), Правилник за квалитет на течни горива (важечки), како и важечките прописи од областа даноците, акцизи и другите јавни давачки, работните односи, работните услови и заштитата при работа и други закони релевантни за предметот на договорот. Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на Службен весник на Република Северна Македонија. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Управата за јавни приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноците и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа) и сите други надлежни институции.

## 2. УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИ

**Услови за утврдување способност**

При утврдување на способноста на понудувачите, купувачот утврдува:

-дали постојат причини за исклучување од постапката,

-дали се исполнети условите за квалитативен избор и

**2.1 Причини за исклучување од постапката:**

2.1.1 Купувачот го исклучува од постапката за јавна набавка понудувачот доколку утврди дека на понудувачот или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој понудувачот или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

2.1.2.Купувачот го исклучува од постапката за јавна набавка понудувачот:

а) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;

б) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;

в) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;

г) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

д) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или

ѓ) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

2.1.3.Купувачот ќе го исклучи понудувачот од постапката за јавна набавка:

а) доколку купувачот оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Се смета дека заклучокот на договорниот орган од оваа точка е оправдан доколку

Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на договорниот орган, во рок од 15 дена го извести договорниот орган дека ќе поведе прекршочна постапка;

б) доколку купувачот покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, наплата на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот, барање оштета, барање наплата пенали/договорна казна, или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;

в) доколку купувачот незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

**2.2 Докажување на способноста за неисклучување од постапката**

2.2.1 Понудувачите како докази дека нема причини за исклучување од постапка, доставуваат Единствен документ за докажување на способноста или потврди, изјави и др. документи како што се:

- Изјава со која потврдува на понудувачот или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој понудувачот или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик: учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси,тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, Пополнета и заверена Изјава прилог 4;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

2.2.2 Потврдите споменати во точка 2.1.2 ги издава надлежен орган во Република Северна Македонија (Централен регистар и Управа за јавни приходи) или од друга земја во која е регистриран економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста ко земјата во која е регистриран понудувачот не ги издава документите од точка 2.1.2 од оваа ТД или ако тие не ги опфаќаат сите случаи барани во условот, купувачот прифаќа изјава што понудувачот ја заверува кај надлежен орган (нотар или сл.) во која ќе појасни кои документи не се издаваат, кои евентуално документи се издаваат како замена на бараните, и истите ќе ги достави.

2.2.3 Документите од членот точките 2.1.1 и 2.1.2 не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди.

2.2.4 Во случај на група понудувачи, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата способноста за неисклучување од постапката.

2.2.5 Купувачот го задржува право, дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи.

**2.3 Услови за квалитативен избор на економските оператори се:**

а) способност за вршење професионална дејност;
б) економска и финансиска состојба и
в) техничка и професионална способност.

2.3.1 **Способност за вршење професионална дејност**

Услови:

- понудувачот да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка.
  - Да има важечка Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со мазут М-1

Докази:

како доказ за исполнување на условите за професионална способност понудувачот задолжително доставува:

- потврда за регистрирана дејност (образец ДРД) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на овој документ е Централниот регистар на Република Северна Македонија.
- копија од Лиценца издадена од Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

2.3.1.1 Купувачот го задржува право, дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи

**2.3.2 Економско финансиска состојба - не се бараат услови и докази**

**2.3.3 Техничка или професионална способност - не се бараат услови и докази**

## 3. Принцип на една понуда

Секој понудувач или група на понудувачи, доставува само една понуда без варијанти. Поднесените повеќе понуди и понуда во варијанти, се елиминираат. Не е дозволено алтернативна понуда.

## 4. Трошок за поднесување на понуди

Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 5. Критериуми за избор на најповолен понудувач

Критериуми за избор на најповолна понуда : Најниска цена

## 6. Подготовка на понудите

Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација добиена од страна на договорниот орган и се состои од следниве елементи:

- пополнет образец на понуда со финансиски дел (Прилог бр.1)
- Рамковна Спогодба (Прилог бр.2)
- Изјава за исполнување на условите од тендерот (прилог 3)
- Изјава дека во последните пет (5) години не ми е изречена правосилна судска пресуда (Прилог 4)
- документација со која се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката
- заверена и потпишана техничката спецификација. (Прилог бр.5)

- документи за докажување на квалитативен избор:
    - способност за вршење професионална дејност

7. **Цена на понудата**

Понудата треба да ги содржи сите единечни и вкупни цени и вкупна вредност на понудата согласно барањата на повикот и образецот на понудата.

Единечната цена на мазутот М-1 НС, се формира согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија, во која е пресметан ДДВ, акциза, зависни трошоци, попусти и истовар, на денот на испораката.

Цената на превозот на мазутот и дадениот попуст се фиксни за цело времетраење на Договорот.
Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата во архивата на купувачот.

8. **Валута на понудата и услови на плаќање**

Валута на понудата е Македонски Денар (МКД).
Понудувачот треба да го прифати начинот на плаќање, како и рокот на плаќање, дефинирани со одредбите од моделот на договор даден во оваа Тендерска Документација.

9. **Важноста на понудата:**

Понудата треба да содржи рок на важност (*минимум 30 дена*). Понудата се поднесува во оригинал. Секоја страна од понудата се потпишува и заверува од страна на одговорното лице на понудувачот.

10. **Појаснување на тендерската документација**

- Секој понудувач кој презел ТД од Купувачот, може да побара појаснување на тендерската документација од Купувачот, исклучиво во електронска форма, преку електронска пошта на контактите од Т 1.1 од оваа ТД, најдоцна 2 дена, пред крајниот рок за поднесување на понудите.
- Појаснувањето Купувачот ќе го достави преку преку електронска пошта до сите понудувачи кои до тој момент презеле ТД и ќе го вклучи како дел од ТД за идните понудувачите кои ќе подигната ТД после ваквите појаснувања, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.
- Купувачот задржува право, на барање од понудувачите или по свое наоѓање во текот на траењето на огласот да направи измени во тендерската документација и во таков случај истите ќе го достави преку преку електронска пошта до сите понудувачи кои до тој момент презеле ТД.

11. **Отворање и евалуација на понудите**

Јавното отворање се врши од страна на Комисијата за набавки на купувачот и во присуство на овластени претставници на понудувачите (со задолжително писмено овластување) кои одлучиле да присуствуваат на јавното отворање. Пред отворањето се сочинува евидентен лист за присуство за секој овластен преставник (име и презиме, број на овластување и потпис).
Купувачот може да го ограничи бројот на овластени претставници на понудувачот ако учествува со повеќе од еден.

12. **Евалуација на понудите**

Евалуацијата се врши врз основа на доставената документација и утврдените критериуми за избор. Предмет на евалуација ќе биде вкупната цена без ДДВ.

13. **Доверливост на процесот на евалуација на понудите**

Зависно од природата и специфичноста на набавката во работата на Комисијата можат да бидат вклучени и други стручни лица.

Никакви информации, во поглед на разгледувањето, оценките, споредбите на понудите во процесот на евалуација не смеат да се откријат на понудувачи или лица кои службено не се вклучени во постапката.

14. <u>Однесување на службени лица</u>

Купувачот се обврзува за доследна примена на највисоките стандарди за етичко и законско однесување за време на спроведување на постапката за набавка - услуга по овој повик како и при реализација на договорот со најповолниот, избраниот понудувач, како од членовите на комисијата за јавни набавки така и од одговорните лица. Истата обврска важи и од страна на понудувачите.

15. <u>Корупциско, измамничко однесување</u>

Доследно ќе се применуваат највисоките стандарди за етичко и законско однесување за време на спроведување на постапката за набавка, реализација на договорот како од страна на одговорното лице на Купувачот, Комисијата за набавки, стручните лица кај Купувачот, така и од страна на Понудувачот.

16. <u>Појаснување и контакти со понудувачот</u>

Комисијата за јавни набавки во периодот на разгледување и оценување на понудите, може писмено да побара од понудувачот појаснување на неговата понуда на што понудувачот писмено одговара.

17. <u>Корекција на грешки</u>

Доколку Комисијата за јавни набавки утврди аритметички грешки во понудата ќе изврши соодветна корекција која е задолжителна за Понудувачот. Во случај на разлика помеѓу цените или збирови изразени во бројки и зборовите валидни ќе биде вредноста изразена во зборови. Извршената корекција, предходно опишана и во согласност со понудувачот, се смета обврзувачка за него.

18. <u>Доделување на договор</u>

Врз основа на критериумите за избор на најповолен понудувач утврдени со повикот и тендерската документација, Купувачот ќе донесе Одлука за избор на најповолна понуда.

19. <u>Известување за избор или поништување на постапка</u>

Сите понудувачи писмено ќе бидат известени за извршениот избор или не избор на најповолен понудувач.

20. <u>Квантитативен и квалитативен прием на предметот на договор</u>

**Квантитативниот прием** ќе се врши согласно одредбите од рамковната спогодба дадена во оваа Тендерска Документација.

**Квалитативниот прием** ќе се врши согласно одредбите од рамковната спогодба дадена во оваа Тендерска Документација

21. <u>Потпишување на Рамковна Спогодба</u>

По правосилност на донесената Одлука за извршен избор на најповолен понудувач, Договорниот орган и избраниот понудувач/и потпишуваат Рамковна спогодба.

Овластеното лице на понудувачот треба да го потпише (парафира) понудената Рамковна спогодба во тендерската документација, со што потврдува дека ги прифаќа договорените услови, во случај да биде избран за најповолен понудувач и да го достави во прилог на понудата.

**22.** **<u>Гаранција на понудата</u>**

Со понудата економскиот оператор доставува изјава за сериозност на понудата.

Со изјавата економскиот оператор изјавува дека:

- нема да ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- ќе ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- ќе го потпише договорот/рамковната спогодба за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- ќе ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

**<u>Прилог бр. 1 Образец на Понуда по Јавен оглас број 01-1/2024 објавен од ЕСМ Производство на топлина –ДООЕЛ Скопје, за набавка на резерви за алтернативно гориво-Мазут М-1 НС за 15 дена работење на топланите</u>**

| |
|---|
| Архивски број и датум на понудата |

# <u>П О Н У Д А</u>

**Понудувач:** ______________________________________________

(Назив, име и презиме или шифра на понудувачот и негово седиште)

**Адреса:**______________________________________________

**Контакт лице, телефон и е-маил:** ___________________________

Даночен број____________________________

Матичен број ____________________________

По разгледувањето на тендерската документација, ја доставуваме нашата понуда за Мазут М-1 НС, кој одговара на техничката спецификација Прилог 3, заедно со сета барана придружна докуметнација.

**ФИНАНСИСКИ ДЕЛ НА ПОНУДА:**

| 1 | 2 | 3 | 4* | 5 | 6<br>(4*- 5) | 7 | 8<br>(6+7) | 9<br>(3x8) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Топлана Исток и Запад | Вкупна Количина во килограми (кг). | Единечна цена на мазут без ДДВ (мкд/кгр) | Попуст во ден./кг на Единечната цена на мазут | Единечна цена со вклучен попуст во мкд /кг | Превоз мкд/кг | Вкупна единеч-на цена мкд/кг | Вкупна цена без ДДВ |
| 1. | ТО Исток<br>ТО Запад | 11.000.000 | | | | | | |
| Вкупно на паритет ДДП без вклучен ДДВ | | | | | | | | |
| ДДВ 18% | | | | | | | | |
| Вкупно на паритет ДДП со ДДВ | | | | | | | | |

4* - Единечна цена на мазут – Масло за горење М-1 НС, согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија , која важи на денот на отварање на понуди без ДДВ, а со акциза и други трошоци, во МКД/кг

**Вкупната цена на нашата понуда без вклучен ДДВ изнесува:**____________________________

**Со зборови:**_____________________________________________________________________

_________________________________________________________________________________

**Нашата понуда важи во рок од** __________ (*минимум 30 дена*) од датумот на јавното отварање за кое време понудата е обврзувачка и може да се прифати во било кое време пред истекот на тој рок.

**Начин, рок и услови на плаќање:** согласно одредбите од Рамковната Спогодба во прилог.

**Квалитет на мазутот:** Понудениот мазут е во согласност со регулативата во РСМ.

**Динамика на испорака:** согласно одредбите од Моделот на Рамковната спогодба во прилог

**Гаранција:** Согласни сме да доставиме банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на Рамковната спогодба.

1. **Име на производителот и земја на потекло:** ______________________________________

2. **Име на производителот и земја на потекло:** ______________________________________

3. **Име на производителот и земја на потекло:** ______________________________________

Одговорно лице на понудувачот
Име и Презиме

________________________________

(потпис и печат)

______________________________

М.П.

**МОДЕЛ НА РАМКОВНА СПОГОДБА**
**за купопродажба на стока – алтернативно гориво мазут М-1 НС**

**Склучена помеѓу:**

1. ________________, со адреса ______, бр.________, ЕДБ:_, ЕМБС:___________ ___________, застапувано од Управител ______, во понатамошниот текст: Продавач, и

2. **ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** со адреса на ул.Тодор Александров, бр.6 Скопје, Гази Баба ЕДБ: ____________________, ЕМБС: ___________, застапуван од Управител Бобан Максимовски во понатамошниот текст: Купувач

## I. ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

**Член 1**

(1) Предмет на оваа Спогодба е продажба на мазут М-1 НС според роковите и условите наведени во понудата на Продавачот број ______________ од __.__.2024 година согласно јавниот повик за доделување на Рамковна спогодба бр. 01-1/2024 на Купувачот и Одлуката за избор на најповолен понудувач број ____________ од __.__.20-4 година. Во случајна несовпаѓање на одредбите помеѓу понудата на Продавачот и Спогодбата ќе важат одредбите од Спогодбата.

(2) Продавачот му продава на Купувачот мазут М-1 НС согласно Законот за енергетика, подзаконските акти донесени од надлежното регулаторно тело, друг надлежен орган или учесницнте на пазарот на мазут, Законот за облигациони односи и останати позитивни законски прописи.

(3) Вкупните количини мазут М-1 НС предмет на оваа Спогодба се наменети за потребите за производство на топлинска енергија

## II. КОЛИЧИНА, ВРЕМЕ И КВАЛИТЕТ НА ИСПОРАКА НА МАЗУТ М1-НС

**Член 2**

(1) Вкупните количини нафтени деривати предмет на оваа Спогодба се до 11.000.000 килограми мазут М1 НС Испораката на алтернативното гориво - Мазутот треба да се врши согласно нарачаните количини од договорниот орган, во рок од 24 часа од приемот на нарачката, до максимални дневни количини од 500.000kg, во било кој период од времетраењето на рамковната спогодба.

Купувачот го задржува правото да не ја изврши набавката на мазут во наведениот период за кој е склучена Спогодбата.

(2) Квалитетот на испорачаните нафтени деривати мора да одговара на важечкиот стандард за квалитет определен за секој нафтен дериват или мора да одговара на важечкиот правилник за квалитетот на течните горива или мора да одговара на производителската спецификација доколку не постои важечки стандард или правилник за квалитетот на течните горива.

Квалитетот на нафтените деривати ќе се определува во местото на утовар утврдено во член 3 став 2 од Спогодбата, од страна на Продавачот со издавање на Уверение за квалитет и Изјава за сообразност. Овие документи се однесуваат на квалитетот на нафтениот/ите дериват/и кој/и се наоѓа/ат во резервоарот/ите на утоварната инсталација на Продавачот.

## III. НАЧИН И МЕСТО НА ИСПОРАКА НА ИСПОРАКА НА МАЗУТ М1-НС

### Член 3

(1) Под поимот "Испорака" во смисол на оваа Спогодба се подразбираат следните активности: утовар на нафтени деривати (место), динамика на утовар (налог) и прифаќање на утоварена количина од страна на Купувачот (квалитативен и квантитативен прием).
(2) Место на утовар: Утоварот на нафтените деривати се врши во утоварната инсталација на Продавачот. Секој нафтен дериват може да биде утоварен само на утоварното/ите место/а кое/и е/се јасно и недвосмислена означено/и од страна на Продавачот.
(3) Утоварот/ите на нафтените деривати предмет на овој Договор ќе се врши/ат сукцесивно, во согласност со налогот за утовар на Купувачот. Налогот за утовар Купувачот треба да го испрати кај Продавачот во писмена форма или од e-mail адресите наведени во овој Договор, најмалку еден ден (24 часови) пред денот на утоварот на нафтените деривати.
(4) Купувачот е обврзан во налогот за утовар да ги назначи следните податоци: нафтениот/ите дериват/и, количината/ите за утовар, крајната дестинација-местото/ата на истовар за секој назначен дериват одделно и името, презимето и бројот на личната карта на овластениот/ите претставник/ци на Купувачот кој/и ќе го потврди/ат приемот на соодветниот нафтен дериват.
(5) Продавачот ќе го изврши добиениот налог за утовар на Купувачот во рок од 24 часа сметано од денот на приемот на налогот од Продавачот.
(6) Продавачот ќе го одбие налогот за утовар на Купувачот доколку тој не ги содржи потребните податоци како што тоа е наведено во ставот (4) од овој член.
(7) Продавачот може да одлучи, по свој избор, да го одбие налогот за утовар на Купувачот доколку тој е доставен кај Продавачот, од страна на Купувачот, истиот ден кога се барало утоварот на назначениот дериват да биде извршен.
(8) Продавачот може да одлучи, односно по свој избор да прифати измени на налозите за утовар од Купувачот во текот на денот најдоцна до 10:00 часот.

### Член 4

(1) Транспортот на нафтените деривати ќе биде организиран од страна на Продавачот.
(2) Сите транспортни средства ангажирани од Продавачот покрај општите барања за техничка исправност мора да ги исполнуваат и сите стандарди и услови за превоз на опасни материи кои се соодветно пропишани во важечките законски прописи кои ја регулираат таа материја.
(3) Купувачот се обврзува да ги почитува упатствата за работа и движење на транспортните средства дефинирани од страна на Продавачот.
(4) Купувачот се обврзува, при приемот на нафтениот дериват кој е предмет на испораката, да постапува во целост согласно Упатството за прием на горивото кое е составен дел на оваа Рамковна спогодба (Прилог 1).
(5) Продавачот ќе го испорачува мазутот со автоцистерни со вграден систем за далечинско следење на транспортот. Автоцистерните треба да бидат пломбирани по завршувањето на утоварот кај Продавачот а Купувачот ќе прими за истовар само автоцистерна со прописно поставена и неоштетена пломба и валиден документ за извршено вагање.
(6) Сите трошоци кои се поврзани со испораката на мазутот освен трошокот за превозот кој е определен во член 5 став 2 подолу се на товар на Продавачот.
(7) Купувачот во интерес на својата и безбедноста на Продавачот соодветно и професионално ќе се грижи за квалитативен и квантитативен прием на нафтените деривати на местото на истовар. Ризикот на губење или нарушување на квантитетот и квалитетот на нафтените деривати ќе премине од Продавачот на Купувачот во моментот кога соодветниот нафтен дериват ќе премине од транспортното/ите средство/а ангажирано од страна на на Продавачот во резервоарот/ите на инсталацијата за прием кај Купувачот.

(8) Преземањето на испораката на нафтениот дериват ќе се смета за извршено кога лицето овластено од Купувачот ќе ги преземе документите за испораката утврдени во став (8) од овој член во местото на истовар утврдено од Купувачот согласно налогот за утовар.
(9) Купувачот е обврзан да го пополни и потпише, со полно име и презиме и број на лична карта од страна на лицето овластено за истовар, Записникот за предавање на горивото по што 2 (два) примероци ќе му предаде на возачот ангажиран од страна на Продавачот.

(10)На испратницата издадена од страна на Продавачот, по завршување на истоварот, приемот на нафтениот дериват задолжително треба да биде потврден од страна на одговорното лице за прием ангажирано од страна на Купувачот.

(11)Одговорното лице ангажирано од страна на Купувачот се обврзува во Испратницата дефинирана во став (10) од овој член да го внесе своето име и презиме и бројот на важечката лична карта.

(12)Постапувањето по горенаведените услови значи дека Купувачот го прифаќа квалитетот и квантитетот на нафтените деривати кои се натоварени во транспортното средство а за кои се однесуваат Уверението за квалитет, Изјавата за сообразност и Испратницата со кантарската белешка од извршеното вагање.

(13)Носителот на набавката е должен да го испорачува предметот на Спогодбата согласно дефинираната динамика и налозите за испорака кои ќе се издаваат од Купувачот и тоа до Топланите на ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје: Топлана Запад(Тафталиџе-Скопје) и Топлана Исток (Ќерамидница-Скопје).

## IV. ЦЕНА НА ДОГОВОРОТ, НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕТО

**Член 5**

(1) Продавачот ќе го фактурира мазутот М-1 НС по малопродажни цени кои ќе бидат утврдени согласно Одлуките на Регулаторната комисија за енергетика на Р. Македонија за определување највисоки цени на одоелни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата.

(2) Продавачот ќе му пресмета на Купувачот трошоци за превоз на мазут М1 НС во износ кој без вклучен ДДВ изнесува ________________________ МКД за еден килограм за сите испораки на мазут М1 НС кои ќе се извршат на територија на град Скопје.

(3) Во случај на постоење на други услови различни од применливата Методологија за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати и Законот за енергетика, за определување на рафинериските цени за нафтените деривати Продавачот и Купувачот ќе договорат, со Анекс кон оваа Спогодба, нови услови за дефинирање на цените на нафтените деривати кон што ставот (1) од овој член и сите одредби на оваа Спогодба се однесуваат и се во врска со Членот 5 став (1) на оваа Спогодба.

(4) Рокот на плаќање (кредитен период) за испорачаните нафтени деривати кој Продавачот му го одобрува на Купувачот е договорено да биде најмногу __ (__________) календарски дена од датумот на достава на фактурата за секоја поединечна испорака. Денот на испораката е оној назначен на Испратницата.

(5) Лимитот на вкупните финансиски обврски на Купувачот кон Продавачот, што Продавачот му го одобрува на Купувачот е договорено да биде најмногу до износ од _____________________ (________________________________) МКД.

(7) Договорено е дека поимот "финансиски обврски" ги означува сите доставени но неплатени фактури и каматни листи што се однесуваат на извршените испораки на нафтени деривати како и на извршените услуги од страна на Продавачот во корист на Купувачот.

(8) Изрично е договорено дека горенаведениот лимит на вкупните финансиски обврски не може, под никоја околност, да биде надминат. Наведениот лимит на вкупните финансиски обврски на Купувачот е договорено дека може да биде променет, доколку истото се укаже како потребно, со согласност на двете договорни страни и на начин како што тоа е дефинирано во член 11 став (2) од оваа Спогодба. Во ваков случај Продавачот нема да сноси одговорност спрема Купувачот за било кој налог за утовар кој нема да биде целосно и/или делумно извршен.

6.5. Доколку рокот на плаќање паѓа во Сабота, Недела, државен празник или во друг за банките неработен ден, тогаш плаќањето ќе се изврши во наредниот работен ден.

## V. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**Член 6**

(1) Секоја договорна страна ќе биде должна да надомести штета на другата договорна страна за неисполнување или повреда на договорните обврски, настанати по вина на таа страна во согласност со одредбите за надомест на штета, утврдени во Законот за облигациони односи.

(2) Продавачот и Купувачот се ослободуваат од одговорноста за неисполнување или повреда на договорните обврски, ако тоа е предизвикано од дејствија, настани или акти на државните органи, врз што страните не можат да влијаат или што не зависат од нивната волја.

(3) Спогодбените страни страни нема да бидат одговорни за штетите или за какво било неизвршување или доцнење во извршувањето на каква било обврска од овој договор, каде таквото извршување или доцнење е предизвикано од виша сила, односно настани, појави или околности разумно надвор од контрола на таа страна вклучително без прејудицирање на генералноста на претходното, неизвршување или доцнење предизвикано од или како резултат на виша сила, штрајкови, пожари, поплави, војни (без разлика дали е прогласена или не) бунтови, ембарга, несреќи, ограничувања, наметнати од какви било надлежни власти коишто директно и неизбежно влијаат врз извршувањето на обврските од овој договор.

(4) Страната чиешто извршување е под такви влијанија, треба веднаш да ја извести другата страна, укажувајќи на природата на односната причина и до колку е можно да ја информира другата страна за очекуваното траење на настанатата Виша сила.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СПОГОДБАТА

**Член 7**

(1) Спогодбените страни се согласни оваа Спогодба да важи до 30.04.2025 година.

(2) Сите измени и дополнувања на оваа Спогодба ќе се прават со Анекс и се сметаат за правноважечки, ако се склучени во писмена форма и потпишани од овластени претставници на двете договорни страни.

(3) Оваа Спогодба може да се раскине со заедничка согласност на двете договорни страни при што ќе се уредат начинот, времето и условите под кои ќе престане да важи Спогодбата.

(4) Во случај на отпочнување на предстечајна, стечајна постапка, односно ликвидациона постапка на една од договорните страни, секоја од страните е должна веднаш писмено да ја извести другата договорна страна.

## VII. ГЕНЕРАЛНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Член 8**

(1) Договорните страни се согласни доставувањето на сите известувања во врска со овој Договор да биде во писмена форма, по пошта со препорачана пратка со повратен рецепис или да се одвива по електронски пат, на следниве адреси:

За Купувачот:

- esm-proizvodstvo@elem.com.mk

За Продавачот:

-

(2) Договорните страни се согласни доколку дојде до промена на седиштето на некоја од договорните страни, во рок од 5 (пет) дена од извршената промена да ја известат, по писмен пат во електронска пошта, другата договорна страна, во спротивно ќе се смета дека доставата на писменото известување е уредно извршена, доколку е направен обид писменото известување да се предаде на наведените адреси во овој Договор, а договорните страни нема да бидат пронајдени на наведените адреси.

## VIII. НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ И ВАЖЕЧКО ПРАВО

**Член 9**

(1) Споровите што евентуално би настанале со применување и реализацијата на оваа Спогодба, страните, пред сé, ќе се обидат да ги решаваат спогодбено, а до колку тоа не е можно, за решавање месно ќе биде надлежен Основниот Граѓански суд во Скопје.

(2) За сé што не е утврдено во оваа Спогодба, а произлегува од неговото исполнувања, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи (со сите измени и дополнувања), Законот за Енергетика и сите останати позитивни законски и подзаконски прописи на Р.С. Македонија.

## IX. КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

(1) Купувачот кој ќе задоцни со исполнувањето на паричната обврска (плаќањето) од оваа Спогодба, долгува, покрај главнината, и законска казнена камата, согласно член 266-а став 6 од Законот за облигациони односи и точка 3 од одлуката за референтна каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата (Сл.весник на РМ број 139/08).

(2) Продавачот има право на казнена камата без оглед на тоа дали претрпел некаква штета поради задоцнувањето. Ако штетата што ја претрпел Продавачот поради задоцнувањето е поголема од износот што би го добил на име казнена камата, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

Таквата цена ќе биде утврдена на комерцијално разумен начин, заедно со релевантните и комерцијално разумни трошоци и останатите комерцијално разумни документирани трошоци.

## X. УСЛОВИ ЗА ИЗМЕНА, ДОПОЛНУВАЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА

**Член 11**

(1) Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да ја раскине Спогодбата, а во секој случај има право на надомест на штета.

(2) Измени и дополнувања на Спогодбата можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

(3) Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

(4) Одредбите од оваа спогодба можат да се изменат и/или дополнат со склучување на договор за изменување и дополнување на основниот договор или со Анекс на Спогодбата.

(5) Дополнувањата и измените на оваа спогодба се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

## XI. ВИША СИЛА

**Член 14**

(1) Договорните страни нема да одговараат за штети или за пропуст или задоцнување во извршувањето на било која од обврските по овој Договор кога таквата штета, пропуст или задоцнување се предизвикани како резултат на виша сила, со постоење на настан, случка или околност разумно надвор од контролата на Договорните страни, вклучувајќи без предрасуда, за генералноста на претходното, дека настанатата штета, пропуст или задоцнување е предизвикан/а од или како резултат на виша сила, штрајкови, пожари, поплави, војни (без разлика дали се прогласени или не), побуни, уништување на нафтата, ембарга, несреќи, ограничувања и рестрикции наметнати од било кој владин орган (вклучувајќи алокации, приоритети, реквизиции, квоти, контрола на цени и нови правилници за квалитет на горивата или измени на постојните правилници за квалитет на горивата). Страната чие дејствување е под такво влијание треба веднаш да ја извести

другата страна укажувајќи на природата односно на големината на настанот како и да извести за очекуваното времетраење на настанот на виша сила.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

(1) Оваа спогодба е составена во 4 (четири) идентични примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.

| **КУПУВАЧ** | **ПРОДАВАЧ** |
|---|---|
| **ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје** | ______________________________ |
| **УПРАВИТЕЛ**<br>**БОБАН МАКСИМОВСКИ** | **УПРАВИТЕЛ** |
| ______________________________ | ______________________________ |

**Прилог бр.3**

**Образец на Изјава за прифаќање на услови од тендерот**

# И З Ј А В А

**Изјавуваме дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќаме условите од тендерската документација во врска со :**

- Јавен оглас број 01-1/2024 објавен од М Производство на топлина –ДООЕЛ Скопје, за набавка на резерви за алтернативно гориво- Мазут М-1 НС за 15 дена работење на топланите објавен на ден _______________во __________________________ врз основа на кои ја поднесуваме нашата понуда.

**Согласни сме и со сите услови кои претставуваат составен дел на моделот на Рамковната спогодба.**

место и датум _____________________________

_____________________________

име презиме, потпис *и печат*

**<u>Прилог број 4</u>**
Јавен оглас број 01-1/2024 објавен од ЕСМ Производство на топлина –ДООЕЛ Скопје, за набавка на резерви на алтернативно гориво- Мазут М-1 НС за 15 дена работење на топланите.

**И З Ј А В А**
**дека во последните пет (5) години не ми е изречена правосилна судска пресуда**

Јас ________________________________ (име и презиме), во својство на _____________________ (се пополнува во кое својство е лицето), , изјавувам, дека не постојат причини за отфрлање на нашата понуда, односно дека на понудувачот ______________________ (полн назив на понудувачот) или на лице кое е член на управниот или на надзорниот орган на ______________________ (назив на истиот понудувачот) или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

Место и датум
__________________________ __________________________
име презиме, потпис *и печат*

**ПРИЛОГ 5. - Техничка спецификација**

По Јавен оглас број 01-1/2024 објавен од ЕСМ Производство на топлина – ДООЕЛ Скопје, за набавка на резерви за алтернативно гориво- Мазут М-1 НС за 15 дена работење на топланите.

Количина на јавна набавката:
**вкупно од 0 до 11.000.000 кгр.**
Количините се ориентациони и не обрвзувачки.

Мазутот М-1 НС треба да е со **квалитет**, кој го задоволува пропишаниот македонски стандард **МКС.Б.Х2.430** со следните карактеристики:

- Вискозност на 100° C, мм²/с................................ ............... **мах** 28
- Сулфур %, м/м ................................................................. ..**мах** **1**
- Содржина на вода и седименти, % в/в............... ...............................**мах** 1.0
- Содржина на пепел, % м/м .........................................................**мах** 0.2
- Содржина на кокс(Conradson)% м/м ................................ .....**мах** 12.0
- Точка на палење, °C ...............................................................**мин** 80
- Релативна густина на 15 °C, кг/дм³.......................................**се наведува (0.950-0.980)**
- Топлотна моќ, MJ/кг ..................................................................... **мин** **39.7**
- Температура на испорачан мазут °C, ............................................ > **45**

Согласни сме дека ќе испорачуваме мазут согласно нашата понуда и техничките карактеристики утврдени со законска регулатива во Република Северна Македонија.

Место и датум

______________________________ ______________________________

име презиме, потпис *и печат*